**Продолжувајќи ја успешната соработка со Македонски Телеком АД Скопје, Мелон Солушнс Дооел вработува:**

**ОПЕРАТОРИ ВО КОНТАКТ ЦЕНТАР**
**(реф. бр. 042026-005)**

***За студенти – скратено работно време (20 часа неделно)***
***За кандидати со работно искуство – полно работно време (40 часа неделно)***

***Потребни се кандидати со течно познавање на македонски јазик***

Дали сте подготвени да станете дел од динамична и стимулирачка работна средина каде што Вашите комуникациски вештини се навистина важни?
Без разлика дали барате флексибилна ангажираност или стабилно полно работно време — **ова е вистинската можност за Вас!**

**Опис на работната позиција**
Како Оператор во контакт центар, вашите обврски ќе вклучуваат:
- Телефонска продажба на телекомуникациски услуги за домаќинства (интернет, ТВ, мобилна и фиксна телефонија, пакети и дополнителни услуги).
- Остварување излезни повици со цел презентација, информирање и продажба на услуги согласно потребите на клиентите.
- Обработка на влезни повици од корисници кои пријавуваат технички проблеми (интернет, ТВ, телефонија), давање основна поддршка и насоки за нивно решавање.
- Обезбедување точна, професионална и навремена поддршка со цел создавање позитивно корисничко искуство.
- Следење на утврдени процедури и работни правила со цел одржување на висок квалитет на услугата.

**Потребни вештини и квалификации**
- Минимум завршено средно образование.
- Одлични комуникациски и слушачки вештини, со способност за јасно и уверливо изразување по телефон.
- Продажни способности, вклучително и градење доверба со клиенти, идентификација на потреби и ефективно претставување на услуги.
- Стрпливост, смиреност и емпатија, особено при комуникација со корисници кои се соочуваат со технички проблеми.
- Способност за брзо учење, следење процедури и работа според утврдени упатства.
- Организираност и ефикасно управување со време, со способност за истовремено следење на повеќе задачи.
- Основно користење на компјутер, работење со повеќе апликации и познавање на MS Office.

**Јазични опции:**
- Течно познавање македонски јазик, **ИЛИ**
- Мајчин албански со добро познавање македонски јазик.

**Што нудиме?**
- Флексибилни опции за работно време: 20 часа неделно – идеално за студенти **ИЛИ** 40 часа неделно – полно работно време.
- Платена обука (во просек 3 месеци) каде ќе ги научите сите потребни процеси.
- Мотивациски бонуси за постигнати продажни резултати.
- Пријатна и стимулирачка работна атмосфера.
- По завршување на обуката – можност за работа од дома.

**Локации**
Работата и иницијалната 3-месечна обука се изведуваат во простории обезбедени од нашиот партнер Македонски Телеком АД Скопје.
**Ги охрабруваме кандидатите од:**
- **Скопје**
- **Велес**

да аплицираат, бидејќи во овие градови се овозможени соодветни простории за изведување на работата и обуката.

**Зошто да ни се придружите?**
Доколку уживате во комуникација со луѓе, решавање проблеми и работа со јасно поставени цели — ова е вистинската работа за Вас!
Ќе стекнете корисно искуство, стабилна заработка и можност за напредок.

**Аплицирајте денес!**
Испратете го Вашето CV и станете дел од тим кој го цени ангажманот и професионалниот пристап на секој член.

***Мелон Солушнс Дооел*** *е дел од* ***Mellon Group****, водечка грчка мултинационална групација која нуди специјализирани решенија и услуги со цел да ги задоволи барањата на финансиските институции и другите организации чиј бизнис е насочен кон големи групи на клиенти. Седиштето на Mellon Group е во Атина, Грција и моментално брои преку 8.000 вработени во 12 земји.*

*Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите предвидени во Законот за работни односи.*

*Согласно Законот за заштита на лични податоци, по истекот на рокот за избор на кандидатот сите пристигнати биографии ќе бидат уништени.*